## АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

До:

- **д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија“ бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16 и 142/16) се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ
Примено: 26.11.2016

| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
|---|---|---|---|
| 10 | 6014 | 1 | |


### ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
### ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;

2. **Субјект на надзорот**: Трговско радиодифузно друштво ТВ ШЕЊА ДООЕЛ Скопје;

3. **Период опфатен со надзорот**: од 11 до 20 ноември 2016 година;

4. **Датум на извршување на надзорот**: 26 ноември 2016 година;

5. **Предмет на надзорот**:

   - **Член 75 став 1 од Изборниот законик** („*Радиодифузерите, односно Јавниот радиодифузен сервис, трговските радиодифузни друштва и електронските медиуми (интернет порталите) што одлучиле да ги покриваат изборите, се должни тоа да го прават на правичен, на избалансиран и на непристрасен начин во својата вкупна програма*“).
   - **Член 75-б од Изборниот законик** („*Известувањето за редовните активности на државните органи, органите на општините и на градот Скопје, на државните институции и организации, како и за активностите на правни и на други лица на кои со закон им е доверено вршење јавни овластувања, во програмите на радиодифузерите и на Програмскиот сервис наменет за емитување на активностите на Собранието на Република Македонија, во периодот од денот на распишување на изборите до нивното завршување не смее да биде во функција на изборно медиумско претставување на ниту еден политички субјект*“).
   - **Според член 196-в од Изборниот законик, член 75 и член 75-б се применуваат 100 дена пред денот на одржување на предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија, кои ќе се одржат во 2016 година.**

6. **Констатации од надзорот:**

### Член 75 став 1 од Изборниот законик

***Дневно-информативни емисии***

Анализирано е изданието на Вестите од 18 часот и 55 минути. Вкупното времетраење на прилозите што се предмет на анализа во десетдневниот период (од 11 до 20 ноември), е 3 часа 10 минути и 36 секунди Целокупното време на анализираните прилози се однесува на претежно информативните жанрови - вест, вест во низа, извештај, извештај со коментар, изјави (Табела 1).

***Табела 1: Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови***

| ТВ Шења | Траење | Процент | |
|---|---|---|---|
| Беса | 00:03:04 | 1,61 | % |
| НДП - Фадил Зендели | 00:02:07 | 1,11 | % |
| ДПА-ДР | 00:01:54 | 1,00 | % |
| ДИК и други органи | 00:19:26 | 10,20 | % |
| Влада на РМ | 00:12:39 | 6,64 | % |
| Граѓански сектор | 00:20:48 | 10,91 | % |
| Други субјекти | 00:29:11 | 15,31 | % |
| Без субјекти | 00:40:53 | 21,45 | % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:02:00 | 1,05 | % |
| СДСМ | 00:01:00 | 0,52 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:03:08 | 1,64 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:02:46 | 1,45 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:11:59 | 6,29 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:14:52 | 7,80 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:09:33 | 5,01 | % |
| Јавно обвинителство | 00:01:08 | 0,59 | % |
| Специјално обвинителство | 00:04:31 | 2,37 | % |
| Судство | 00:04:23 | 2,30 | % |
| Привремена комисија | 00:03:15 | 1,71 | % |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:00:31 | 0,27 | % |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:00:31 | 0,27 | % |
| НДП - Национална демократска преродба | 00:00:31 | 0,27 | % |
| Унитети | 00:00:26 | 0,23 | % |
| | **Вкупно: 03:10:36** | 100 | % |

Четирите првозастапени категории субјекти во вестите заземаат повеќе од половина од вкупното време на емитуваните прилози. Станува збор за „Без субјекти", „Други субјекти", „Граѓански сектор" и „ДИК и други органи". Како и во претходните извештајни периоди, најзастапена е категоријата „Без субјекти".

Со поединечна застапеност повеќе од една петтина од времето (безмалку 41 минута), граѓаните методолошки кодирани како „Без субјекти", се повторно централен субјект во вестите на ТВ Шења, било како соговорници или да се зборува за нивните активности или проблемите со коишто се соочуваат. Речиси една третина од времето одвоено за оваа категорија е поврзано со прилозите за протестите на жителите на Куманово пред почетокот и за време на партискиот собир на ДУИ во овој град. Преостанатото време, во најголем дел, го сочинуваат прилозите за секојдневните проблеми на граѓаните, пред се тие од инфраструктурен карактер. Медиумот информираше за проблемите на жителите на Сингелиќ настанати по повторните обилни врнежи од дожд, незадоволството на жителите од село Стајковци во врска со финансиските средства што како оштета им се исплатени за августовските поплави, за калливите и раскопани улици во село Матејче – кумановско, проблемите што ги имаат жителите на село Рашче со излевањето на реката Вардар, проблемите со нападите од кучињата скитници во општина Чаир и други. Во сите посочени прилози единствен соговорник пред камерите на телевизијата се засегнатите жители на населените места.

Категоријата „Други субјекти" е второзастапена во вкупното времетраење на анализираните прилози, со процентуална присутност од 15.31% (29 минути). Во овој извештаен период, категоријата ја сочинуваат:

новинари, Стопанска комора на РМ, Регулаторна комисија за енергетика, декан на Правен факултет при универзитетот „Св. Кирил и Методиј", универзитетски професори, претседател на Македонска академија на науките и уметностите, декан на Градежен факултет, Институт за земјотресно инженерство, Исламска верска заедница, Народен правобранител на РМ итн.

Значителен простор во вестите на ТВ Шења (околу 21 минута или 10.91%) е одвоен и за активностите на Граѓанскиот сектор. Медиумот информираше за активностите на невладините организации, следејќи ги настаните што се случија во извештајниот период, па така извести за: резултатите од истражувањето на Евроатланскиот совет на РМ во врска со меѓуетничките односи во земјава, активностите на Институтот за креирање на добро владеење со цел да се подигне свеста кај граѓаните да не се користи огнено оружје за време на прослави, ставот на Транспаренси интернешнл во врска со Законот за укажувачи, заедничкиот настап на шест ромски невладини организации и Хелсиншкиот комитет за човекови права во поглед на заштита на правата на Ромите, резултатите од истражувањето на Транспаренси интернешнл за степенот на корупција во Македонија, набљудувачките мисии на невладините „Цивил" и „Мост" за време на изборниот процес итн.

Меѓу четирите најзастапени категории во овој извештаен период влегува и Државната изборна комисија, како резултат на зголемените активности во пресрет на почетокот на изборната кампања за претстојните избори. Медиумот ја следи работата на ДИК и информираше за нејзините активности поврзани со: бројот на пријавени гласачи во дијаспората, одбивањето на листите со кандидати за пратеници на Социјалдемократската партија на Македонија, ждребката за позициите на политичките партии на гласачкото ливче, потпишувањето на кодексот од страна на политичките партии за водење фер кампања, изјава на претседателот на ДИК - Чичаковски околу можностите за манипулации во изборниот процес и други.

Одвоен е простор за единаесет политички субјекти: ДУИ, Беса, ДПА, НДП на Ф.Зендели, ВМРО ДПМНЕ, ДПА-ДР, СДСМ, Коалиција на ВМРО ДПМНЕ, Коалиција на СДСМ, НДП, Унитети.

***<u>Табела 2: Директни обраќања на субјектите</u>***

| ТВ Шења | Траење | Процент | |
|---|---|---|---|
| Беса | 00:01:02 | 2,76 | % |
| НДП - Фадил Зендели | 00:00:27 | 1,20 | % |
| Граѓански сектор | 00:07:45 | 20,69 | % |
| Други субјекти | 00:09:48 | 26,16 | % |
| Влада на РМ | 00:02:22 | 6,32 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:05:37 | 14,99 | % |
| ДИК и други органи | 00:02:09 | 5,74 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:01:26 | 3,83 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:01:07 | 2,98 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:01:41 | 4,49 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:02:08 | 5,69 | % |
| Јавно обвинителство | 00:00:11 | 0,49 | % |
| Привремена комисија | 00:01:05 | 2,89 | % |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:00:22 | 0,98 | % |
| Унитети | 00:00:18 | 0,80 | % |
| **Вкупно:** | **00:37:28** | 100 | % |

***Посебни информативни емисии***

*Дебатни емисии*

Во осмиот извештаен период (од 11 до 20 ноември) се емитувани две премиерни дебатни емисии во рамки на „Арена", вкупно шест репризи на тие изданија и седум репризи на дебатните емисии емитувани во рамки на претходниот извештаен период.

Гости во студиото на ТВ Шења, на 16 ноември, беа Цветин Чилиманов и Љубомир Костовски од Привремената комисија за следење на медиумското претставување, а се разговараше за известувањето на медиумите во предизборниот период. Ова издание на емисијата „Арена" беше четири пати репризирано, на 17, 18, 19 и 20 ноември.

На 17 ноември, во рамки на второто дебатно издание на емисијата, гостуваа Мира Костиќ, новинарка и Петрит Сарачини од невладината организација „Цивил". Се зборуваше за улогата и влијанието на медиумите во изборниот процес. На почетокот од емисијата водителот упати јавна покана до партиите ДУИ и ДПА во наредниот период да учествуваат во информативните емисии на ТВ Шења. Емисијата е репризирана два пати, на 18 и 20 ноември.

Три изданија на емисијата „Арена", емитувани во текот на претходниот седми по ред извештаен период, во рамки на овој период од 11 до 20 ноември, се репризирани вкупно 7 пати.

*Интервјуа*

Емитувано е едно интервју, реализирано исто така во емисијата „Арена". Разговорот е реализиран на 15 ноември, а гостин во студиото на ТВ Шења беше Адриан Штуни, консултант за меѓународни односи и насилен екстремизам. Безбедносните прашања беа во фокусот на разговорот со гостинот. Интервјуто е репризирано два пати, на 16 и 19 ноември.

*Друга информативна програма*

Емитувани се две премиерни изданија на информативната емисија „Неделно ретро" (Retro javore), на 13 и 20 ноември, две репризи на изданието на емисијата од 13 ноември и две на последната емисија емитувана во рамки на претходниот извештаен период. Емисијата прави пресек на најважните неделни случувања.

Емитувано е и едно премиерно и едно репризно издание на информативната емисија „Траги", којашто се занимава со темата поврзана со купувањето изборни гласови и казните што се предвидени за тие дела. Премиерата е емитувана на 18 ноември, а репризата на 19 ноември.

***Сектор за програмски работи***